**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ ПО ГРУПИ БАНКИ

ЧЕТВРТИ КВАРТАЛ, 2016 ГОДИНА

јануари 2017 година

# *Резиме на резултатите од Анкетата за кредитната активност по групи банки*[1,2]

## *Големи банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: нето-олеснување на условите за одобрување корпоративни кредити, наспроти непроменети услови во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на вкупните корпоративни кредити, со умерено послабо темпо во однос на претходниот период.

- Очекувања за првиот квартал на 2017 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови, со слично темпо како и во претходната анкета и зголемување на побарувачката на корпоративните кредити на нето-основа, со посилна динамика во споредба со очекувањата во претходната анкета.

### Кредити на населението

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на кредитните услови за одобрување на сите видови на кредити, со посилно темпо во однос на претходната анкета, пред сѐ како резултат на нето-олеснувањето кај потрошувачките кредити.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката за сите видови на кредити, наспроти малото нето-намалување во претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал на 2017 година: нето-олеснување на вкупните кредитни услови, при натамошно нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити, со послаба динамика во споредба со очекувањата од претходната анкета.

## *Средни банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: нето-олеснување на условите за одобрување вкупни корпоративни кредити, наспроти непроменети услови во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката за вкупните корпоративни кредити, со иста динамика како во претходната анкета.

[1] Методологијата на Анкетата за кредитната активност по групи банки е претставена во посебен прилог којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност.
[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност по групи банки може да се најдат на следнава врска: Временска серија по групи банки.

- Очекувања за првиот квартал на 2017 година: нето-олеснување на вкупните кредитни услови, при натамошно нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити, со послаба динамика во споредба со очекувањата од претходната анкета.

### Кредити на населението

- Кредитна политика: нето-олеснување на вкупните кредитни услови, со послаба динамика споредено со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката за вкупните кредити на населението, наспроти нето-намалувањето во претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал на 2017 година: натамошно нето-олеснување на вкупните кредитни услови, при очекувања за натамошно зголемување на побарувачката на кредити, со умерено посилно темпо.

## *Мали банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: непроменети услови за одобрување вкупни корпоративни кредити, наспроти нето-олеснувањето во претходниот период.

- Кредитна побарувачка: непроменета побарувачка на вкупните кредити на претпријатија, наспроти нето-зголемување во претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал на 2017 година: непроменетост на кредитните услови на вкупните корпоративни кредити, при натамошно нето-зголемување на побарувачката за кредити, со послабо темпо во однос на очекувањата од претходната анкета.

### Кредити на населението

- Кредитна политика: кредитните услови за одобрување на сите видови кредити останаа непроменети, како и во претходните две анкети.

- Кредитна побарувачка: натамошно зголемување на побарувачката на вкупните кредити, со посилно темпо на нето-основа, споредено со анкетата во претходниот квартал.

- Очекувања за првиот квартал на 2017 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови, со умерено посилно темпо споредено со претходната анкета, и мало намалување на побарувачката на нето-основа, наспроти очекувањата за нето-зголемување во претходната анкета.